# Дневна хемеротека за *03.06.2016г.*

## ТВ21 - *Општина Сарај: На 5 јуни ќе се исчистат дивите депонии*



## Општина Сарај: На 5 јуни ќе се исчистат дивите депонии

*Jun 2, 2016* 433 0

АКЦИЈА Facebook Twitter

Бреговите на Вардар и Треска во општина Сарај, се преполни со отпад и остатоци од градежен материјал. По прилогот на ТВ 21 кој беше емитуван пред една недела, реагираше градоначалникот на општина Сарај, Беким Мурати. Тој рече дека на петти јуни овие депонии ќе почнат да ги расчистуваат.

Вели дека, на оваа акција се очекува да излезе и од општинскиот инспекторат, а се најавуваат и ригорозни мерки за несовесните жителите кои ќе продолжат да фрлаат отпадоци насекаде.

Во емисијата „Клик плус" на ТВ 21, синоќа министерот за животна средина и просторно планирање, Башким Ахмети, рече дека во Македонија има над илјада диви депонии и дека се работи на нивно расчистување.

## TV21 - [Pas kronikës të TV21 reagon kryetari i Sarajit, me 5 qershor bëhet pastrimi i deponive të egra]




# Pas kronikës të TV21 reagon kryetari i Sarajit, me 5 qershor bëhet pastrimi i deponive të egra

2 June 2016 6:59 pm 524 0

SHPËRNDAJE Facebook Twitter

Brigjet e lumit Vardar dhe Treska në Komunën e Sarajit, po e mbulojnë mbeturinat dhe materialet e mbetura ndërtimeve. Pas një kronike të TV21 para një jave në lidhje me deponitë e egra në këtë zonë, reagoi kryetari i komunës se Sarajit Bekim Murati. Ai tha se ka në plan që me 5 qershor të ketë një inciativë për pastrimin e këtyre deponive. Në këtë aksion të paralajmëruar pritet të dalë edhe inspektorati i komunës ndërsa paralajmërohen masa rigoroze për banorët që hedhin mbeturina në vende të cilat nuk janë të caktuara për këtë dedikim, siç njoftoi Bekim Murati.

"Komuna e Saraijt dhe këshilli komunal ka miratuar plan aksional, ku do të bëhet pastrimi i gjithë atyre deponive në këtë drejtim. Dëshiroj të potencoj se të dielën me 5 qershor, bashkërisht me ministrin e Ambientit dhe Planifikimit Hapësinor do të bëjmë një aksion për pastrimin e disave deponive të egra", tha Bekim Murati, Kryetar i komunës së Saraijt.

Në emisionin Click Plus që transmetohet në TV21, mbrëmë ishte mysafir ministri i Ambientit dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ahmeti. Ai përmendi një shifër të jashtëzakonshme prej mbi 1 mijë deponive të egra në Republikën e Maqedonisë, për çka po bëhen, sipas tij, përpjeke për pastrimin e tyre.

**Përgatiti: Afrim Jonuzi**

**ТВ21 - „Клик Плус“: Животната средина предизвик во 21 век**

# „Клик Плус“: Животната средина предизвик во 21 век

*Jun 2, 2016* 358 0

**АКЦИЈА** Facebook Twitter

Министерот за животна средина и просторно планирање, Башким Авдиу во синоќешната емисија Клик Плус рече дека бројот од 1000 нелегални депонии во земјата е алармантен. Исто така истакна дека постојано се работи со цел Македонија да има чиста животна средина. Во соработка со локалните власти треба максимално да работиме за да ги исчистиме депониите и воедно да ја кренеме свеста на граѓаните за да имаат посериозен пристап за овој проблем, рече министерот Башким Ахмети.

Весел Ќазими од организацијата Еко Герила, рече дека политичарите се тие кои треба да се освестат, бидејќи, според него, животната средина е загадена како последица на лошите политики.

Аријанит Џафери од Еко Герила ја обвини општината Тетово за стари средства и механизми со кои се чистат улиците во Тетово.

Претседателот на општинскиот совет на Тетово, Хисен Џемаили призна дека оваа општина нема услови за одржување на животната средина. Тој ги обвини претходните раководители на општината за малверзации.

Претставниците на здружението Еко Герила рекоа дека срамота е тоа што, додека тие се расправаат за отпад и нечиста животна средина, нивните пријатели во Европа се занимаваат со наука.

Артан Нухиу

## TV21 - Vesel Qazimi nga “Eco Guerilla” porositë ministrin Ahmeti: “Mos u sillni sikur organizatë joqeveritare”



## Алсат-М - Екологија, на југозападот на Македонија десетици диви депонии

ALSAT M

# Екологија, на југозападот на Македонија десетици диви депонии

18:24, 02 јуни

Сподели ја веста:



Струга се дави  во диви депонии кои се наоѓаат на различни локации околу градот. По стариот пат Охрид – Струга, пред влезот речиси на секое ќоше има депонии од градежен и комунален отпад. Слична е ситуацијата и во правец на граничниот премин Ќафасан, но и на неколку други места покрај самото езеро. Стружани бараат институциите да преземат мерки да ги казнат оние кои фрлаат отпад, но и да го решат овој сериозен проблем кој како што велат не ѝ доликува на туристичка Струга.

„Не е добро ова што се прави, каде ќе им текне таму го фрлаат ѓубрето. Им е мака да одат до градската депонија која не е далеку. Ова не е убаво."

„Во Струга има голем број на депонии и тоа не треба да се дозволи. Ако одите покрај крајбрежјето на езерото особено од Струга кон Калишта може да видите дека има многу диви депонии и од градежен шут....“, велат анкетираните граѓани.

Од општискиот комунален инспекторат во Струга признваат дека има многу диви депонии. Од таму велат дека свеста на населението е многу ниска и оти отпадот најчесто се фрла во ноќните часови.

„Факт е дека ги има многу. Ние преземаме мерки според нашите надлежности. Вие го посочивте патот за Ќафасан и тој е регионален пат. Не сме само ние надлежни како локална комунална инспекција. Треба и другите да преземат мерки...“, изјави Трифун Танески-општински комунален инспекрторат.

Танески тврди дека писмено се обратиле и до надлежните министерства и тие да преземат мерки бидејќи депониите се наоѓаат покрај регионални патни правци. Со овој проблем се соочуваат и поголемите селски населби во струшко.

„...Неколку пати апелиравме и чиствеме, но жалосно е во ова денешно време да го гледаме тоа нешто по патиштата. Мора да се направи една регионална депонија која ќе биде од интерес за сите граѓани“, рече Исмет Лапоски-директор на ЈП Хигиена Лабуништа.

Сериозен и понатаму останува проблемот и со градската депонија на влезот на Струга од каде многу често се шири чад и смрдеа, а за која Алсат до сега неколку пати известуваше. Инаку, во општините од југозападниот регион се регистрирани 70 диви депонии за градежен шут и триесеттина за комунален отпад.

Мики Трајковски

## Tetova Sot - Strugë, deponi ilegale në vende të ndryshme (VIDEO)

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Strugë, deponi ilegale në vende të ndryshme (VIDEO)




in Maqedoni 02/06/2016

Struga po mbytet në deponi ilegale që gjenden në vende të ndryshme rreth qytetit. Në rrugën e vjetër Ohër-Strugë para hyrjes pothuajse në çdo cep ka deponi të mbeturinave ndërtimore dhe komunale. Situata është e ngjashme në drejtim të pikës kufitare Qafëthanë por edhe në disa vende të tjera përskaj liqenit. Struganët kërkojnë që institucionet të ndërmarrin masa për ti ndëshkuar ata që hedhin mbeturinat, por edhe ta zgjidhin këtë problem të madh, i cili siç thonë nuk i ka hije Strugës turistike.

Nga Inspektorati Komunal në Strugë e pranojnë se ka shumë deponi ilegale. Prej atje thonë se vetëdija e popullsisë është shumë e ulët dhe se mbeturinat më shpesh hidhen gjatë natës.

"Fakt është se ka shumë. Ne ndërmarrim masa në përputhje me përgjegjësitë tona. Ju e theksuat rrugën Qafëthanë edhe ajo është rrugë rajonale. Nuk jemi vetëm ne përgjegjës si inspektorat komunal lokal. Duhet edhe të tjerët të ndërmarrin masa", tha Trifun Tanevski nga inspektorati komunal.

Taneski thotë se me shkrim janë drejtuar tek ministritë relevante që edhe ata të ndërmarrin masa për shkak se deponitë gjenden pranë rrugëve rajonale. Me këtë problem përballen edhe fshatrat më të mëdha në Strugë.

"Disa herë apeluam dhe pastruam, por është për të ardhur keq, që në ditët e sotme ta shohim këtë gjë në rrugë. Patjetër të bëhet një deponi rajonale që do të jetë me interes për të gjithë qytetarët", deklaroi Ismet Laposki, drejtor i NP Higjiena, Llabunishtë.

Një problem serioz edhe më tej mbetet ai me deponinë e qytetit në hyrje të Strugës, prej ku shumë shpesh përhapet tym dhe erë e keqe, për të cilën gjë Alsat disa herë ka raportuar deri tani. Ndryshe në komunat e rajonit jugperëndimor janë regjistruar 70 deponi ilegale për mbeturina ndërtimore dhe tridhjetë të mbeturinave komunale./Alsat-M



## 365 - Париз забрани влез на старите автомобили во центарот

365

# ПАРИЗ ЗАБРАНИ ВЛЕЗ НА СТАРИТЕ АВТОМОБИЛИ ВО ЦЕНТАРОТ

*2 јуни, 2016*

СПОДЕЛЕТЕ Facebook Twitter G+ Ми се допаѓа Tweet

Уште една мерка на Франција во борбата со загадувањето на воздухот, забрана за сообраќање на автомобилите стари над 20 години во центарот на метрополата, соопштува Le Monde. Тие нема да можат да се движат низ улиците на Париз по 1 јули оваа година.




По овој датум, возилата регистрирани пред 1997 година не ќе можат да се движат во градот, но само за време на викендите. И класичните автомобили не се исклучок. Оваа мерка е проширена и за мотоциклите, односно за нив важи границата – регистрирани пред 2000 година. Предметните стари машини претставуваат само 10% од флота на Париз, но реално тие исфрлаат во атмосферата околу половина од

штетните емисии, покажуваат пресметките на локалните експерти. Забраната беше донесена уште минатата година, но наиде на сериозен отпор. Мотивите беа дека таа ќе ги „удри" најсиромашните жители на градот и нивниот личен транспорт. На крајот сепак промените се прифатени и влегуваат во сила од почетокот на следниот месец.



За да се олесни движењето на засегнатите жители на градот, управата на Париз ќе го подобри градскиот транспорт, односно ќе објави нови линии. Покрај тоа, владата на Франција веќе најави сериозни премии за возачите кои го заменуваат старото дизел возило за таков што се напојува со електрична енергија. Претстои и ставање на огромна флота на електрични скутери за изнајмување. Во земјата се воведува и систем кој ќе ги класифицира возилата во зависност од нивото штетни гасови, кои ги исфрлаат во атмосферата. Ќе се користат „обоени чипови", преку кои машините ќе бидат поделени на шест категории. Во првата ќе се најдат електричните и водороднирте автомобили.

Забраната за 20 годишните автомобили е само првата мерка. До 2020 година во Париз ќе биде активирана забрана и за автомобилите кои се регистрирани пред 2011 година.